РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: 1003
Рок на чување: 10 год
29.09 200 8 година
Потпис

Врз основа на член 7 од Законот за царинска управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07 и 103/08), согласно член 50, 53, 55 и 58 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2005 и 4/2008), директорот на Царинска управа на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за начинот на спроведување на постапка на увозно царинење на стока на граничните царински премини

### 1. Општо

Со ова упатство се објаснува начинот на спроведување на постапката на увоз на граничните премини на кои постојат организациони единици на Царинската управа за спроведување на увозна царинска постапка, без спроведување на транзитна постапка.

### 2. Услови за спроведување на увозно царинење без транзитна постапка

Условите за директно увозно царинење на стока на граничен премин без спроведување на транзитна постапка се:

- постоење на организациона единица на Царинската управа за спроведување на постапка на увозно царинење на стока на граничниот премин;
- местото определено за ставање на увид на стока при нејзиното внесување во царинското подрачје на Република Македонија да е исто со работните простории на организационата единица за стоково царинење и
- да нема потреба од поднесување на збирна декларација, односно сета стока во едно возило да биде наменета за еден приемач, освен доколку на граничниот премин постои просторија за привремено чување.

Ова значи дека постапка на увозно царинење може да се спроведува само на граничните премини каде постојат терминали за започнување на транзитна постапка и каде увозната постапка се спроведува на истиот терминал.

### 3. Начин на спроведување на постапката

По влегување на возилото на царинскиот терминал веднаш или најдоцна првиот работен ден по влегувањето на возилото на терминалот се поднесуваат увозни царински декларации за стоката во возилото. При тоа, во царинската декларација во рубриките 40 и А не се внесуваат податоци за претходен документ.

При спроведување на ваква постапка, за царинење на стоката мора да бидат исполнети мерките на трговска политика кои се применуваат при влез во Македонија и оние кои се применуваат при увозно царинење. Доколку е предвидено влезот на стоката во

царинското подрачје да биде одобрено со ставање на печат од надлежните инспекциски служби на транзитната декларација, овој печат ќе се става на увозната царинска декларација.

Понатамошната постапка се спроведува согласно упатството за царинење на стока и другите прописи кои се однесуваат на царинење на стока.

Доколку стоката е сместена во возило со странски регистерски таблици, Царинската испостава на возачот му издава Потврда за извршено увозно царинење без спроведување на транзитна постапка, дадена во прилог 1 на ова упатство. Потврдата се пополнува во два примероци и се заведува во деловодникот на царинската испостава. Едниот примерок се задржува во царинската декларација, додека вториот примерок му се доставува на возачот, кој му служи како доказ за спроведена царинска постапка при излез од Република Македонија.

Ова Упатство стапува на сила од 29.09.2008

Број 10- 25621/1
Скопје, 29 -09- 2008

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА СКОПЈЕ МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Директор
Ванчо Каргов

Прилог 1

**ПОТВРДА ЗА ИЗВРШЕНО УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ БЕЗ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА**

Царинска испостава ______________________________________________

со ова потврдува дека за стоката натоварена во товарното возило со регистерски таблици ______________ и држава на регистрација ______________ на ден ____________________ се изврши увозно царинење со ЕЦД број ______________

______________________________________________ без спроведување на транзитна постапка.

Во.................................. на................................

Печат .........................................................................

(Потпис)

______________________